Врз основа на член 28 став 8 од Законот за поштенските услуги (Службен весник на РМ бр. 158/2010), Комисијата на Агенцијата за пошти на состанокот одржан на ден 05.11.2012 година го донесе следниот:

# Правилник
## за измена и дополнување на Правилникот за начинот на определување на бројот на поени и на вредноста на поенот за обезбедување на поштенски услуги врз основа на општо овластување

### Член 1

Во Правилникот за  начинот на определување на бројот на поени и на вредноста на поенот за обезбедување на поштенски услуги врз основа на општо овластување („Службен Весник на Република Македонија “ бр. 167/2010), во членот 8 став 2 зборовите: „30.07“ се заменуваат со зборовите: „01.07“.

### Член 2

Членот 9 се менува и гласи: „При пресметување на надоместокот за календарската година во која на давателот за прв пат му е издадено Општо овластување, како и за календарската година која следи по годината во која давателот работел помалку од шест месеци континуирано, годишниот обем на давателот ќе се смета дека изнесува до 50.000 за поштенски пратки до 2 кг, односно до 5.000 за пакети до 10 кг.“

### Член 3

Овој Правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен Весник на Република Македонија“.

Бр.09-223/6
05 ноември 2012 година
Скопје

Агенција за пошти
Комисија
Љупчо Мешков, претседател с.р